FINANCE THINK
OUT OF THE BOX

ДОМОТ НА ВИДРИТЕ

БЕЛЧИШТЕ И БЕЛЧИШКО БЛАТО

Многу е тешко човек да добие слика за географските карактеристики на еден реон од пред неколку милиони години. Но, Сини Вирој, малиот реликт од дамнешното Десаретско Езеро, може за момент да потсети за изгледот на Дебрца од пред 5,3-1,8 милиони години.

Белчишко Блато или, според неговите сини води, познато и како Сини Вирој, е едно од најголемите преостанати блата во Македонија, покрај Катлановско Блато, Студенчишко Блато и други. Во борбата со маларијата, но и поради потребата од поголемо земјоделско производство, голем дел од блатата се исушени или драстично изменети. Белчишкото Блато се наоѓа на надморска височина од 760 метри, во подножјето на Илинска Планина, под нејзиниот западен разгранок Габер. На потегот северно и североисточно од село Ново Село, во правец кон село Белчишта, во должина од околу два километра извираат десетина карстни извори. Блатните површини опфаќаат околу 50 хектари.

Блатото е посебно интересно и поради поплавените евлови шуми. Петкилометарската патека покрај преубавите вирови и изворчиња со вода е идеална за рекреативно-туристички активности во природа. Локалитетот е уреден со клупи и со места за набљудување и е одличен за одмор и за рекреација. Ќе ја погледнете и река Матица, чиишто води по вливот во река Сатеска, по вештачкиот канал завршуваат во Охридско Езеро во близина на село Мислешево. Интересно е што во ова блато живее најмногубројната популација видри (Lutra lutra) во Македонија, вклучена во категоријата глобално загрозени видови. Поплавеното подрачје е идеална средина за овој исклучително вешт пливач, кој се храни со риба, ракови, како и со жаби и со водни инсекти. Пределот долг период бил живеалиште и за биволот, кој ги сака реките и влажните низини. За жал, денес го нема, а ретки примероци има во село Дебреште, Прилепско. Само на некоја од куќите може да забележите рогови како спомен за опстојувањето на ова моќно животно, кое најчесто се користело за транспорт и за орање. Според направените истражувања, во блатото живеат поголем број видови птици меѓу кои и сјајниот ибис и големиот воден бик, а се регистрирани и пет видови лилјаци. Во минатото во блатото живееле големи јата патки, кои често биле ловени од локалните жители.



U.S. Embassy Skopje

Овој проект е делумно поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите и не ги одразуваат оние на Владата на САД.
**Прибирањето информации и пилотирањето на овие тури е овозможено во рамки на Проектот за локална и регионална конкурентност финансиран од Европската Унија.*

Турата овозможува и запознавање со старите традиционални музички инструменти. Белчиште е селото од каде што е најпознатиот мајстор за изработка на традиционални музички инструменти, гајди и тапани. Тоа е местото во кое ќе научите за специфичниот начин на нивната изработка, но и изворно ќе го слушнете нивниот звук. Ќе дознаете и за македонската народна носија и за старите занаети. Уникатна можност за запознавање со богатата македонска традиција.



По посетата на блатото и паузата во село Белчиште ќе биде посетен манастирот што доминира во Долна Дебарца. Изграден на плато, од него се протега прекрасна панорама. Над манастирот има густа дабова и габерова шума, а под него плодно поле. Тоа е единствениот манастир во државата што е посветен на сите светци. Лоциран во близина на селото Лешани, манастирот познат како „Си свети“ нуди земен рај, уживање и душевен спокој.

Тезите за староста на старата манастирска црква се различни. Зачуваната стара црква од 1452 година е изградена на основите на многу постар храм, чијашто старост не може со сигурност да се утврди. Претпоставките, според едни, се дека датира од XIII век, според други дека е од времето на цар Самуил. Во близина, пак, е подигната новата црква „Сите светци“ изградена на почетокот на XX век со импресивни димензии, должина од 18 метри, ширина и висина од по осум метри. За нагласување се чудотворната икона „Сите светци“, но и претставите на „Царството небесно – собор на сите светци“, единствената композиција во Македонија „Света Гора Атонска“ и други.

Ќе дознаете повеќе и за чудата на манастирот, исцелувања, имање пород, но и за чудото, чијшто сведок бил отец Вартоломеј на 22 декември 2004 година. Која е улогата на манастирот во илинденскиот период, премрежињата и спалувањето во 1903 година, улогата на манастирот за време на Првата и на Втората светска војна, ликот на поп Васил Попангелов и многу друго. Ќе чуете и за легендите за еден од најопеаните македонски народни херои, кој е родум од овој крај, Кузман Капидан.

Село Белчиште се наоѓа во општина Дебрца и е оддалечено 26 километри од Охрид и 40 километри од Кичево. Турата е подобна за сите возрасти. Потребна е соодветна облека и обувки за движење во природа.